**Известување за концентрација која се однесува на создавање на целосно функционално заедничко вложување во Кина од страна на Мерцедес-Бенц Групацијата Германија и БМВ Групацијата Германија**

**(предмет бр. 08-180/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 18.12.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација се однесува на создавање на целосно функционално заедничко вложување во Кина кое ќе развие и управува со јавна инфраструктурна мрежа за полнење за возила на батерии, исто така наречени и „електрични возила на батерии“ („ЕВБ“),[1] во Кина од страна на:

- Мерцедес-Бенц Груп Кина Лтд., со регистрирано седиште на Суит 2301, 20-ти кат, Тауер 3, Ванѓинг Стриит бр. 8, Округ Чаојанг, Народна Република Кина, кое претставува зависно друштво на Мерцедес- Бенц Групација АГ, со главно седиште на адреса Мерцедесштрасе 120 ,70372 Штутгарт-Унтертуркхајм, Германија (Мерцедес- Бенц Групација АГ заедно со неговите зависни друштва „**Мерцедес-Бенц Групација**“), и
- БМВ Брилијанс Аутомотив Лтд., друштво со регистрирано седиште на Шанзуизи Стриит бр. 14, Округ Дадонг, Шенјанг, Народна Република Кина, кое претставува зависно друштво на Бајерише Моторен Верке АГ, со главно седиште на адреса Петуелринг 130, Минхен, Баерн, 80788, Германија (Бајерише Моторен Верк АГ заедно со неговите зависни друштва: „**БМВ Групација**“).

**Мерцедес-Бенц Групацијата** е германска мултинационална автомобилска корпорација со седиште во Штутгарт, Баден-Вуртемберг, Германија. Мерцедес-Бенц Групацијата е производител на оригинална опрема („**ПОО**“) и дистрибутер на патнички автомобили (вклучувајќи ги хибридните возила и ЕВБ) и комбиња под брендовите Mercedes-Benz, Mercedes-AMG, Mercedes-Maybach и Mercedes-EQ.

Во Северна Македонија, Мерцедес-Бенц Групацијата нема регистрирано зависно друштво, но има реализирано продажба на своите производи во претходните години.

**БМВ Групацијата** е германски мултинационален производител на луксузни патнички автомобили и мотоцикли, со седиште во Минхен, Баварија, Германија. Со брендовите БМВ, Роллс-Ројсе и МИНИ, БМВ Групацијата е светски активен производител на оригинална опрема и дистрибутер на патнички автомобили (вклучувајќи ги хибридните возила и ЕВБ) и мотори.

Во Северна Македонија, БМВ Групацијата нема регистрирано зависно друштво, но има реализирано продажба на своите производи во претходните години.

---

[1] Поимот „Нови електрични возила“ исто така често се употребува. ЕВБ е поширок поим од возила на електрични батерии (ЕВБ), затоа што најчесто опфаќа и ВЕБ, хибридни електрични возила, возила на мотор со внатрешно согорување, ЕВБ на погон на горивни ќелии.

**Заедничкото вложување**, во кое Учесниците ќе имаат еднаков удел (50:50) за развивање и управување со јавна инфраструктурна мрежа за брзо полнење за ЕВБ во Кина. Заедничкото вложување ќе се основа како друштво со ограничена одговорност во Кина.

Релевантниот пазар на стоки за пријавената концентрација може да се дефинира како ***пазар за инсталирање и управување со инфраструктура за полнење***. Во однос на географскиот опсег на пазарот релевантен за концентрацијата, Подносителите сметаат дека релевантниот географски пазар може да се дефинира како национален, односно ***територија на Република Северна Македонија.***

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

19.12.2023 година
Скопје